# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 01.07.2026 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 7 - Година 2026** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 10-та седница одржана на ден 01.07.2026 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;
2. Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;
3. Одлука за именување на Домот на културата во с.Панчарево, општина Пехчево;
4. Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
5. Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден – 2026;
6. Одлука за формирање Локален комитет за изработка на ЛЕАП на Општина Пехчево;
7. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година;

Бр. 09-868/1
01.07.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, што советот на општина Пехчево ја донесе на 10-та седница одржана на ден 01.07.2026 година.

Бр. 09-868/2 Општина Пехчево
01.07.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 30 став 40 од Статутот на Општина Пехчево, а во врска со член 31 од Законот за управување со отпадот „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) и член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на ден 01.07.2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на**
**Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие**
**за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука по членот 11, се додаваат нови членови 11-а и 11-б кои гласат:

Член 11-а

Општините при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, имаат различен број на гласови согласно Регионален план за управување со отпад во Североисточен и Источен плански регион односно податоци за собран отпад на ниво на општина во тони на годишно ниво.

Член 11-б

Согласно методологијата за утврдување на број на гласови (400 тони отпад бројат 1 глас) на општините основачи при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе утврдена во членот 11-а распоредот на гласови е следен:

| **Општина** | **Жители*** | **kg/жител/ден** | **Отпад t/год** | **Коефициент на гласови** |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | ~98.000 | 0.95 | ~34.000 | 85 |
| Штип | ~41.000 | 1.00 | ~15.000 | 37,5 |
| Кочани | ~31.000 | 0.90 | ~10.200 | 25,5 |
| Свети Николе | ~18.000 | 0.85 | ~5.600 | 14 |
| Делчево | ~17.000 | 0.80 | ~5.000 | 12,5 |
| Крива Паланка | ~18.000 | 0.78 | ~5.100 | 12,75 |
| Пробиштип | ~15.000 | 0.75 | ~4.100 | 10,25 |
| Виница | ~17.000 | 0.65 | ~4.000 | 10 |
| Липково | ~27.000 | 0.40 | ~3.900 | 9,75 |
| Берово | ~11.000 | 0.75 | ~3.000 | 7,5 |
| Кратово | ~9.000 | 0.60 | ~2.000 | 5 |
| Чешиново-Облешево | ~7.000 | 0.60 | ~1.500 | 3,75 |
| Македонска Каменица | ~6.000 | 0.60 | ~1.300 | 3,25 |
| Карбинци | ~4.000 | 0.55 | ~800 | 2 |
| Пехчево | ~5.000 | 0.45 | ~820 | 2,05 |
| Старо Нагоричане | ~3.000 | 0.55 | ~600 | 1,5 |
| Зрновци | ~2.000 | 0.55 | ~400 | 1 |
| Ранковце | ~3.500 | 0.45 | ~575 | 1,44 |
| | Вкупен број на гласови | | | 244,74 |

**Член 2**

Со промена на генерирана и дистрибуирана количина на отпад на годишно ниво од секоја општина ќе биде менуван коефициентот на вредност на бодови на секоја општина поединечно заклучно со 31 јануари секоја година.

**Член 3**

Со оваа Одлука членот 12 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„Органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално – финансиско работење и Директор.

Управниот одбор се состои од седум членови.

Членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие ги именуваат, односно разрешуваат основачите на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во заедничкото јавно претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 4**

Членот 13 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално – финансиското работење на заедничкото јавно претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските, природни науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именуваат, односно разрешуваат основачите на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 5**

**Членот 14 се менува и гласи:**

Постапката за избор на Директор се спроведува од страна градоначалникот на општината во кој ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе има седиште.

Градоначалникот на општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе има седиште формира комисија за административна селекција на кандидатите за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, по претходна согласност на мнозинство на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе.

Комисијата за административна селекција ја сочинуваат три члена и три заменици членови односно два претставника од општините од Североисточниот регион и еден претставник од општините од Источниот регион, додека како заменици членови се два претставника од општините од Источниот регион и еден претставник од општините од Североисточниот регион.

Изборот на членови на комисијата се врши по пат на ждрепка на состанок на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Работата на комисијата за селекција се уредува со деловник за работа на комисијата, кој го подготвува и донесува комисијата.

Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе. кој е должен да го именува во рок од 8 дена.

**Член 6**

**По членот 14, се додава нов член 14-а кој гласи:**

**Член 14-а**

За избор на членови во Управниот одбор и на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, на предлог на градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, Советите на општините основачи, формираат Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општина основач која има најголем број на жители согласно пописот од 2021 година, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште и еден член и негов заменик, вработени во ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

**Член 6**

Во останатиот дел Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе останува непроменета.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Пехчево.

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи на заедничкото јавно претпријатие.

Бр. 08-860/1 — Совет на општина Пехчево
01.07.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, што советот на општина Пехчево ја донесе на 10-та седница одржана на ден 01.07.2026 година.

Бр. 09-868/3 — Општина Пехчево
01.07.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 30 став 40 од Статутот на Општина Пехчево а во врска со член 23 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) и Одлуката за основање на ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на ден 01.07.2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион.

**Член 2**

Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа, согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа Одлука општините ги уплаќаат на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година.

**Член 4**

Средствата обезбедени согласно оваа Одлука ќе се користат за:

- тековно работење на Претпријатието;
- одржување на опрема и инфраструктура;
- развој на системот за регионално управување со отпад;
- други активности во согласност со закон и статутот на Претпријатието;

**Член 5**

За реализација на оваа Одлука се задолжуваат градоначалниците на општините основачи на Претпријатието и директорот на Претпријатието.

**Член 6**

Доколку некоја од општините основачи на Претпријатието не ги обезбеди или не ги уплати средствата во роковите утврдени со оваа Одлука, ќе се смета дека истата не ја исполнила својата финансиска обврска кон Претпријатието.

Во таков случај, директорот на Претпријатието е должен писмено да ја извести општината и да и определи дополнителен рок од 30 дена за исполнување на обврската.

Доколку општината не постапи ниту во дополнителниот рок, Претпријатието може:

- да преземе мерки за присилна наплата согласно важечките законски прописи;
- да иницира постапка пред надлежен суд за наплата на побарувањето;
- да предложи ограничување на користење на услугите во рамки на законските можности.

Ненавременото исполнување на обврските може да претставува основа за иницирање на постапка за одговорност, согласно со закон.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Пехчево.

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи.

Бр. 08-861/1
01.07.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за именување на Домот на културата во с.Панчарево, општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за именување на Домот на културата во с.Панчарево, општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 10-та седница одржана на ден 01.07.2026 година.

Бр. 09-868/4
01.07.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.07.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за именување на Домот на културата во с.Панчарево, општина Пехчево**

Член 1

Домот на културата во с.Панчарево општина Пехчево, се именува и ќе го носи името „Мето Јовановски“, во чест на неговиот живот, дело и траен придонес за културата и духовниот развој на нашата заедница.

Член 2

Името Дом на култура „Мето Јовановски,, с.Панчарево ќе се користи во сите официјални документи, печати и јавни настапи.

Член 3

Со ова именување, Општина Пехчево изразува признание и благодарност кон Мето Јовановски, чија љубов кон уметноста и културата остави длабока трага и инспирација за идните генерации.

Член 4

За спроведување на оваа одлука се задолжува Градоначалникот на Општина Пехчево.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Мето Јовановски е истакнат културен работник и уметник кој со својата работа оставил траен белег во културниот живот на Пехчево и пошироко. Неговата посветеност кон развојот на културата, поддршката на младите таленти и афирмацијата на уметничките вредности придонеле за збогатување на духовниот и културниот живот на заедницата.

Со именувањето на Домот на културата по негово име, Општина Пехчево изразува признание и благодарност за неговиот придонес и обезбедува трајно сеќавање на неговото дело.

Бр. 08-862/1<br>
01.07.2026 год.<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 10-та седница одржана на ден 01.07.2026 година.

Бр. 09-868/5 — Општина Пехчево
01.07.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

Освен овие услови, членот на управниот одбор во јавното претпријатие треба да има најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење или
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и

кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП ,,Комуналец” Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП ,,Комуналец” Пехчево.

Бр. 08-863/1
01.07.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

ПРИЛОГ

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум

Потпис на подносителот

| | |
|---|---|
| Пополнува примачот на пријавата | |
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>____________________ година | Потпис и печат<br><br>____________________ |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден – 2026**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден – 2026, што советот на општина Пехчево ја донесе на 10-та седница одржана на ден 01.07.2026 година.

Бр. 09-868/6<br>01.07.2026 год.<br>Пехчево

Општина Пехчево<br>Градоначалник<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 01.07.2026 год. донесе:

**ОДЛУКА**

**за определување на начинот на распределба и цената за користење**

**на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на**

**Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден - 2026**

**Член 1**

За одржување на фестивалот на дувачки оркестри во Пехчево, за период од два дена (10-ти, 11-ти јули 2026 година) за чествување на празникот Павловден, ќе се издава под закуп површината на плоштадот за поставување на урбана опрема (маси и столови).

**Член 2**

Доделувањето на парцелите ќе се дава по одредена фиксна цена определена со Одлука од страна на Советот на општината. Право на приоритет на добивање на локација ќе имаат сопствениците на угостителските објекти пред нивните локали. Доколку сопствениците на угостителските објекти пред кои има површина, која е предмет на продажба, не се согласуваат да го купат просторот, предност имаат други купувачи доколку ги има. Другите локации ќе се доделуваат по принципот на слободни локации со приоритет согласно времето на пријавување и плаќање на надоместокот.

Изготвена е скица со распоред на парцелите со број и површина.

Цените на парцелите се следните:

- Парцела Кит – го со П=140 $m^2$ по цена од 150 ден/$m^2$ за ден
- Парцела Лепак со П=120 $m^2$ по цена од 120 ден/$m^2$ за ден. Оваа парцела е пред Комерцијална Банка, па поради тоа влезот пред банкоматот не смее да биде затворен!
- Парцела Меанче со П=150 $m^2$ по цена од 100 ден/$m^2$ за ден
- Парцела бр.1 со П=120 $m^2$ по цена од 80 ден/$m^2$ за ден
- Парцела бр.2 со П= 120 $m^2$ по цена од 80 ден/$m^2$ за ден
- Парцела бр.3 со П= 120 $m^2$ по цена од 80 ден/$m^2$ за ден

**Член 3**

Минимум купена површина за предложените парцели е 70% од понудената површина.

**Член 4**

- **Угостителите кои сакаат да купат простор за скара треба да уплатат 10.000 (десет илјади денари) од ден, за простор за скара до 20м$^2$.**
- Парцелите од бр.1 до бр.41 на паркинг плац по цена од 100 ден/$m^2$ за ден
- **Ако некој е заинтересиран да го закупи целиот паркинг простор или минимум 200м$^2$ е должен уплатата да ја изврши заклучно до 07.07.2026 год (вторник) по цена од 50 ден/$m^2$ за ден со претходна пријава во одд. за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина.**

**Член 5**

Се забранува поставување на штандови на површини кои не се предвидени во графичкиот прилог, даден во прилог на оваа одлука.

**Член 6**

Уплатата на средствата се врши од страна на корисникот, на трезорска сметка на Буџет на општина Пехчево 100000000063095, уплатна сметка 840-154-03317, приходно конто 717135, програма 00 со претходна пријава во одд. за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина.

**Член 7**

Органот е надлежен да издаде Одобрение за користење на просторот, по претходно доставен доказ за извршена уплата за површина определена во барањето на корисникот. **Без претходен доказ за извршена уплата** за користење на просторот **НЕ** се издава одобрение за користење.

**Член 8**

Се задолжува градоначалникот на општина Пехчево да ги овласти комуналните редари во општина Пехчево и вработените во одделение за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина да извршат обележување на секоја од парцелите и да постапат согласно нивните надлежности.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр. 08-864/1
01.07.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
